# ЖЕНСКИ СУДОВИ - Меѓународни искуства

**За работењето на женските судови, за постигнувањата и резултатите на женските судови**

## *Што се женски судови?*

Женскиот суд е место за гласовите на жените, за сведочење на жените за секојдневните искуства, за неправдите претрпени во текот на војната и сега во мир; на женскиот суд жените сведочат за насилството во приватната и јавната сфера, како и за организиран отпор на жените.



## *Кога почнале со работа женските судови?*

Првиот женски суд е организиран во 1992 година во Лехоре, Пакистан. Досега се организирани околу четириест женски судови во целиот свет, а најмногу во Азија и Африка.

## *По кои прашања делуваат женските судови?*

*Воени злосторства над жените:* присилно раселување, етничко чистење, трговија со жени, сексуални престапи (силување во војна, насилна проституција, насилна бременост, сексуално ропство) итн.

*Милитаристичко насилство над жените и над сето население:* сите видови на наоружување (конвенционално, нуклеарно, бојни отрови), секс индустрија околу воени бордели; тортура, економски блокади над цивили, итд.

*Насилство и злосторство над жените во име на обичајните права и религиите:* генитално сакатење, каменување на жени, наметнување на начин на облекување (dress code); дискриминација на жените во поглед на имотните односи, договорени бракови, фетицид- убивање на женски фетуси, итн.

*Економско насилство, кршење на правото на работа на жената:* експлоатација на работното место, дискриминација при вработување, феминизација на сиромаштијата, итн.

*Насилство над жените во фамилијата:* физичко, психолошко, сексуално насилство.

*Политичко насилство:* незаконско апсење, тортура, киднапирања, прогонувања, заплашување, куќен притвор, итн.

*Злоупотреба на репродуктивните права на жените:* недозволување на контрацепција и забрана на абортус, присилна стерилизација, злоупотребување на телото за медицински експерименти, итн.

*Отпор на жените:* против сите видови на патријалхални неправди во приватната и јавната сфера.

## *Кои се постигнувањата и резултатите на женските судови?*

- *Обелоденување и видливост на насилството врз жените:* родно и структурно (социјално-економско, политичко, воено, традиционално, итн.), а коешто не е признато ниту санкционирано во рамките на постоечките правни системи;

- *Зајакнување на цивилизираното друштво на локален, регионален и глобален план:* создавање на солидарни коалиции на организации на цивилното друштво (на активистки жени од академските и уметнички заедници);

- *Зајакнување на феминистичкиот активизам и феминистичкото движење:* женските судови ја поттикнаа заедничката работа, солидарност и взаемна поддршка на жените насекаде каде што беа организирани;

- *Женските судови ја критикуваат, повикуваат, предизвикуваат државата, но пред се промовираат подруг концепт на правда:* женските судови не можат да бидат "сервис" на државата туку мораат секогаш да имаат автономија во однос на државата, нацијата, армијата, црквата, партијата...

- *Вршење притисок на институционалниот правен систем*-иницирање на законодавните иницијативи на локален, регионален и глобален план, како пред националните па-

рламенти, така и пред Обединетите нации и во меѓународните институции на правдата;

- *Креирање на поинакви/алтернативни визии на правда и мир:* од гледна точка на жените и маргинализираните друштвени групи, а како одговор на патријархалниот карактер и неказнување на насилството во рамките на постоечките правни системи;

- *Женските судови развиваат феминистичка етика на одговорност и грижа:* женските судови ја поттикнуваат грижата за другите и за себе си, во правец на создавање на поинаков, поправеден свет;

- *Женските судови го поттикнуваат создавањето на поинаква судска пракса заснована на контекстот и секојдневната реалност:* женските судови го поттикнуваат создавањето на судската пракса и законите (од гледна точка на цивилизираното друштво и општествените движења);

- *Формирање на алтернативни институции на правдата од страна на жените:* организирање на локалните и регионалните институции (најчесто женските судови, женските комисии-постојани, повремени или привремени)

- *Заедничко организирање на меѓународни кампањи:* против војната, милитаризмот, расизмот, суровите закони на пазарот и неолибералната економија, сите видови на фундаментализам, растечката сиромаштија кај жените итн.

- *Зајакнување на мрежата на бранителки на човечките права:* направени се силни сојузи на адвокатки кои ги организираат локалните, регионалните и меѓународните кампањи со цел директна заштита на жените од сите видови на насилство;

- *Видливост на маргинализираните култури и заедници,* наследување на различностите и мирољубивоста на домородните народи; дијалог меѓу жените со различни култури...

*„Женските судови се алтернативен политички простор-хоризонт којшто не повикува да се чувствуваме, мислиме, предизвикуваме, да се поврзуваме и да делуваме, да сонуваме заедно..."*

(Корин Кумар, Индија)

Жени во црно
Југ Богданова 18/5, Београд
+381 11 26 23 225
zeneucrnom@gmail.com
www.zeneucrnom.com

Реализирано со финансиска помош на Мама Кеш (Mama Cash)



# ЖЕНСКИ СУДОВИ

## Меѓународни искуства